Здружението за промовирање на електрични возила Електромобилност Скопје во рамки на предлог Законот за климатска акција ја предлага следната измена:

Во Член 42 Промовирање на инвестиции погодни за климата, став (2) да се изврши промена во алинеја в), наместо:

в) во областа на транспортот (инвестиции во јавен превоз, инфраструктура на електрични возила, шеми и инфраструктури за изнајмување велосипеди, возила со ниски емисии);

<u>да се замени со:</u>

**в) во областа на транспортот (инвестиции во јавен превоз, инфраструктура на полначи за електрични возила, шеми за изнајмување на електрични возила во урбаните центри, мерки и активност за стимулирање на електромобилноста, шеми и инфраструктури за изнајмување велосипеди и електрични тротинети, возила со ниски емисии);**

<u>Објаснување за предложените измени:</u>

Транспортот во Европа вклучително и С.Македонија е еден од најголемите климатски проблеми и има влијание од скоро една третина (околу 27%) од вкупните емисии на стакленички гасови, а 71,7% од овие емисии се од патниот транспорт. Емисиите од транспортниот сектор споредувајќи од 1990 година се зголемени за 30% и тие сеуште растат. Во таа насока ЕУ Парламентот го усвои Законот за клима (EU Climate Law) т.н. Европскиот зелен договор со цел намалување на емисиите од 40% до 55% до 2030 година споредбено со вредностите од 1990 година со крајна цел до 2050 г. Европа да биде климатски неутрална. Со цел достигнување на високите цели кога станува збор за намалување на емисиите од сектрот транспорт, земјите од ЕУ интензивно креираат свои политики и мерки со цел намалување на загадувањето преку градење на сериозна инфраструктура од брзи полначи (по главните патни коридори и урбани центри), стимулативни мерки во насока на поголемо користење на електричните возила (бесплатни паркинзи, бесплатни патарини, можност за движење во централни градско подрачја, намалени увозни давачки, намалено ддв, намалени трошоци при регистрација на возилата, соодветно одбележување на возилата на нивните регистрациски таблички и сл.), промена на регулативите (за градење, за животна средина, за енергетика, за возила) со цел полесна интеграција на возилата на струја во општеството и низа други активности.

С.Македонија има еден од најстарите возни паркови во Европа кои претставуваат сериозни емитувачи на стакленички гасови и втор главен загадувач на воздухот во нашата држава. Во таа насока во рамки на овој Закон за климатска акција треба да се покаже иницијатива од страна на државата преку конкретни мерки и активности на Органите на државната управа и единиците на локална самоуправа преку сопствени политики, мерки, прифаќање на иницијативи од граѓанскиот сектор, аплицирање за ЕУ фондови, да се стимулираат инвестиции и развој на електромобилноста во нашата држава со крајна цел намалување на емисиите од возила со внатрешно согорување и приближување кон целите на ЕУ.

Електромобилноста во Р.С.Македонија е на многу ниско ниво споредбено со земјите членки на ЕУ. Во нашата држава нема соодветна инфраструктура од брзи полначи што ќе обебзеди мерка на сигурност и можност за слободно движење на електричните возила низ државата. Не постојат стимулативни мерки за граѓаните да се мотивираат да ги заменат своите стари возила со електрични или со возила со ниски емисии (ЕУРО 6 и повисоки стандарди), без никаква дискусија и разговор се отфрлаат предлозите и инцијативите од граѓанскиот сектор во насока на промоција и унапредување на електромобилноста а со тоа се намалува и можноста за влез на нови инвестиции во нашата држава во оваа област.

Со почит,

Здружение за промовирање на електрични возила
ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ Скопје